РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4356/2

________ г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 42-та седница одржана на ден 27.11.2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-4356/1 од 18.09.2019 година, доставена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-4356 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-4356/1 од 18.09. 2019 година.

Предметот со број 12-4356 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4356 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4356/1 од 18.09.2019 година година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител – анонимна пријава.

Во доставената пријава изнесени се наводи против лицето -------- -------- внук на градоначалникот ------ -----------, поради сомневање за незаконито користење на возило на фирма која директор било лицето ---------- -----------

Во пријавата се наведува дека се работи за возило, марка Toyota corolla, во сопственост на приватна фирма, на кое налепниците од фирмата биле извадени за да не се знаело за која фирма се работи, а кое повеќе од две години се користело за приватни потреби. Воедно, се наведува дека со ова возило наведеното лице секое утро ја носел својата сопруга на работа и попладне ја земал од работа, а исто така возилото било користено и за други приватни работи, па се бара ДКСК да го разгледа доставеното барање.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот при што констатира дека во предметот нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, односно според наводите од анонимната пријава се работи за возило на приватна фирма. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 27 ноември 2020 година под бр. 12- 4356/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Доставено до :
- Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : м-р В.Г. ,член на ДКСК